Со пријател што може, со пари не бидува
Се загрижил како волкот за овците
Сите добрини не се собираат на едно место
Противникот не е овца туку волк
Окото да ти излезе, лош збор да не излезе
Од туѓа торба лесно се дава
Со еден камен зид не бидува
Секоја работа од мајсторот се плаши
Со добар другар и во лошо време е весело
Од реченото до напраеното како од лист до корен
Се тркалало тенџерето, го нашло капакот.
Не гледај постојано само напред, понекогаш заврти се и наназад.
Човекот е жив се додека некој го споменува.
Прими го човекот според алиштата, а испрати го според паметот.
Дирекот не го гледаш, а од сламка се сопнуваш.
Спрема главата и капата.
Кој трча по паре, бргу му е смртта
Детето те прае резил, детето те прае везир
У чорапете уште има осиљке

Забележале:

Илија Петрушевски, Лешок
Трајко Стаматовски,Тетово
Митко Спироски, Лешок
Милена Иловска, Жилче,
Кристина Пероска, Жилче
Ивица Поповски, Лешок
Младен Мисаиловски, Лешок
Атанасовска Катица,Лешок
Стојановска Стефани,Лешок
Борислав Ивановски, Лешок
Здравко Василевски, Џепчиште
Атанасовски Цене, Непроштено
Драго Блажевски, Варвара
Наташа Антоновска,учителка, Лешок
Стојче Филиповски, Лешок
Алекснадар Видојевски, Ратае
Петковски Илија,Лешок
Матовски Антонио,Лешок
Димитриеска Кристина,Лешок

## 3.4 ГАТАНКИ

Агата во зелено, сејмените во црвено (дрен и дренини )
Ај да го праемо синошното ( трепки на очите )
Баба иде по јазот, дедо ја држи за газот ( плуг и орач )
Бабина кучка за рука ме к,сна ( искра)
Бела Рада по рид пасе ( магла )

| | |
|---|---|
| Буре без дно, полно со месо | (прстен) |
| Во место стои времето го брои. | (саат) |
| Грбаво прасе, цело поле го опаса. | ( срп ) |
| Дење спие, ноќе гледа. | (ут) |
| Дење, ноќе над нас бдее и цел живот нас не сака. | (мајка) |
| Долга Мара сенка нема. | ( река ) |
| Двајца браќа само се тркаат, никако да се стигнат | ( сказалки на саат ) |
| Две сесре преку рит се гљедаат, а не може да се видат | ( очи) |
| Една глава - сто капи | ( зелка ) |
| Една иде, сто по неја води. | (вошки ) |
| Живо живуле на грамада седеше, живо месо тегнеше | ( дете што сиса ) |
| Исцепана циганка пред царот излага. | ( пита ) |
| Јуже до јуже, на крај јунец. | (тиква) |
| Како да га фрљиш, пак на ноге паѓа | ( мачка) |
| Кусо дебело на мајка ти е потребело | (толчник) |
| Мало грненце, слатко варивце. | ( лешник ) |
| Мазно влегува во рунтаво. | ( чорапа ) |
| на лулето пуши, покрај печка седи. | ( дедо) |
| На ѕид виси, зло мисли. | (пушка) |
| Најрано ц'вти, најдоцна зрее. | (дрен) |
| Не е предено и пљетено, а на гредете е обесено | ( пајажина) |
| Нема рало и мотика, а ора и копа | (крт) |
| Ноќ и д'н преде а преѓа нема. | (мачка) |
| Ногете у земја, главата надвор | ( зелка) |
| Пет браќа се бркаат | ( игли на чорапа) |
| Погољемо от чуек помало от кокошка | ( капа) |
| Поп со брада у земја закопан | ( праз) |
| Пушти го - ќе те брани, собери го - лиги течат. | (чадор) |
| Пуно школо со ученици, нигде ни врата ни пенџер. | (тиква, лубеница) |
| Рикна бик без језик. | ( тапан ) |
| Сирома ќентро со три влакна на г'зот | (сацак) |
| Сите луѓе во зелено а царот во црвено. | ( трендафил ) |
| Сив гулаб под земја лета. | (плуг-рало) |
| Старец закопан со брадата во земја | ( праз ) |
| Стомна со седум дупки. | (глава) |
| Сучено, вртено, на муке стаено. | ( јаже ) |
| Свите у црвено, момците у зелено. | ( дренини ) |
| Телото-железно, срцето-челично,нозете-гумени | (автомобил) |
| Ти го мазниш, тоа рипа. | ( кантар ) |

| | |
|---|---|
| Ќор ќориот го води | (стап) |
| Четири сестре у една шутка мацаат | (цицки од крава) |
| Четворица браќа во едно рало гаќе | (орев) |
| Царот во зелено, момците во црвено | (дрен) |
| Црн бик цело село го вика | (камбана) |
| Стај рука у дупка, извади црна ѓупка | (грозје) |
| Црно мече газ пече | (котле) |
| Црно, малечко на пат клечи, името му е оф | (трн) |
| Црвен прч во пештера лежи. | (јазик) |
| Црвено малечко, цар од коња симнало. | (јагода) |
| Шарена змија на врат виси | (ѓердан) |
| Шаро лега у котаре, а опашот надвор | (праз) |
| Шут, пут, зад врата седи | (метла) |

Забележале:

Ивица Поповски, Лешок
Миле Серафимовски, Варвара
Горан Ристовски, Ратае
Здравко Василевски, Цепчиште
Драго Блажевски, Варвара
Митко Спироски, Лешок,
Симона Ѓуровска, Ратае

## 3.5 ПРИКАЗНИ

### Закараните браќа

Биле двајца браќа. Когај порасналe, се ожениле и се одделиле.Едниот останал со мајка му а другиот набашка живеел. Арно ама, когај се одделиле, толку млогу се искарале што не сакале да се видат меѓу себе. Нивните другари наместо да ги помируваат, тиа ги с'скале, им измислувале по нешто, боштум едниот зборел нешто за другиот и таке стално ги закаруеле.

Мајка ем тоа го гледала и се јадосуела, ама немала што да прае., само седела и мислела како да ги смири. Едан д'н на син је што седел со неа му рекла: Иди кај другарите и речи им дека си утепал чуек, да дојдат, да ти поможат да го закопате. Отишал тој кеј едан , па кеј други, ама никој не му се нафатил. "Глеаш синко, никој од твоите пријатели не ти помогна. Ајде иди и кеј брат ти и од него потражи помош".

Синот, на почетокот се противел, но после, отишал кеј брат му, чукнал на вратата, излегал брат му и му рекол: "Што тражиш ти овде"?, а брат му рекал: "Ајде брате, побргу да идемо и да ги средимо работете" што му ги расказал брат му.